# КОЈ Е ДОБРОВОЛЕЦ?

Секој што ќе избере да работи без пари.

Доброволната работа:

- Слободно се избира
- Не е платена
- Им користи на други
- Се изведува само во непрофитниот сектор
- Доброволната работа треба да поддржува да нема насилство

Примери на доброволна работа:

- Нега на лица во години, на пример, во центрите за дневен престој (ракотворби, музика, помош во кујна)
- Превоз, на пример, возење на лица во години на закажани лекарски прегледи или на пазарење
- Помагање на онеспособени лица
- Работа во природа, на пример, градинарство
- Учествување на настани, на пример, на Viva la Gong/Carnivale
- Да се биде член на комисија или одбор
- Зачувување на природната околина, на пример, во Bushcare, Conservation Volunteers Australia

# КОРИСТ ОД ДОБРОВОЛНО РАБОТЕЊЕ

- Се запознаваш со нови луѓе
- Им помагаш на други
- Ја подобруваш заедницата
- Стекнуваш работно искуство
- Учиш нови способности
- Го вежбаш јазикот
- Го користиш твоето хоби за добра намена
- Ги користиш природните таленти
- Го правиш тоа во што веруваш
- Ја зголемуваш самодовербата
- Се чувствуваш корисен
- Добро се забавуваш!

# БЕНЕФИЦИИ КОИ ДОБРОВОЛЦИТЕ ИМ ГИ НОСАТ НА ОРГАНИЗАЦИИТЕ

- Способни се да понудат повеќе услуги
- Способни се да понудат подобри услуги, на пример, повеќе внимание на поединци
- Разновидни способности, знаење и мислења
- Ентузијазам, енергија и пријатна работна средина
- Креативни идеи
- Им помагаат на организациите да одржуваат контакти со локалната заедница
- Помагаат организацијата да се потсетува на својата цел

# ПРАВА НА ДОБРОВОЛЦИТЕ

- Да работат во здрава и безбедна средина
- Да го сослушаат вашето мислење во врска со работата
- Да бидете вработени во согласност со законите за подеднакви можности и против дискриминација
- Да знаете за каква работа станува збор пред да почнете
- Да одлучите кога и колку време ќе бидете слободни да работите
- Да се договарате за работата, времето, деновите кога ќе работите (ако се може)
- Да се бавите со корисна работа или дејност
- Да ве надгледуваат, упатуваат и обучуваат
- Да ги имате правите алатки за работата
- Да не работите на работно место на кое претходно работел работник за пари
- Да постои процедура за поднесување жалби

# ОДГОВОРНОСТИ НА ДОБРОВОЛЦИТЕ

- Работете најдобро што можете
- Пристигнувајте навреме
- Работете го тоа за што сте се согласиле
- Известете го координаторот ако не можете да работите
- Почитувајте ја приватноста на луѓето со кои работите
- Давајте им поддршка на другите доброволци
- Бидете член од тим
- Бидете свесни за вашите лични ограничувања (време, пари, физички потреби, семејство и пријателства)